**Година 2002, јули, број 8**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ВРЕМЕ НА ОДМОРИ

Конечно, еве го времето на одмори. Иако многу од нас и овој период ќе го искористат за интезивна работа, сите ќе најдеме начин да се освежиме спроти новата учебна година.

Да си посакаме пријатно лето.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

Процесот на самоевалуација на факултетот е завршен. Финалниот документ од овој процес е Извештајот од централната комисија. Истиот е пратен во Агенцијата за евалуација и Одборот за акредитација при Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Се очекува постапката за надворешната евалуација и акредитација да се спроведат со почетокот на новата учебна година.

## ПРВ УПИСЕН РОК

На Машинскиот факултет во Скопје во првиот уписен рок се пријавија 135 кандидати. Приемните испити ги положија 127 кандидати кои се здобија со право на индекс. Состојбата со пополнетост на насоки е следна:

| Наска | Предвид. | Попол. | Не попол. |
|---|---:|---:|---:|
| ПМ | 58 | 18 | 40 |
| МВ | 46 | 24 | 22 |
| ММ | 58 | 3 | 55 |
| ЗЗК | 46 | 4 | 43 |
| ЖМ | 46 | 0 | 46 |
| ТТ и ТЕ | 65 | 13 | 45 |
| ХПА | 58 | 13 | 45 |
| ЕМИЕ | 46 | 7 | 39 |
| ИИ | 45 | 45 | 0 |
| Вкупно | 468 | 127 | 341 |

## ГОСТУВАЊЕ

На покана на Катедрата за пластична обработка и раководителот проф. д-р Јован Лазарев, проф. д-р Карл Кузман од Машинскиот факултет



во Љубљана на ден 09.07.2002 одржа предавање под наслов: " Some research efforts of Department for manufacturing technologies and systems". По предавањето, со ценетиот гостин беа водени разговори за конкретно интезивирање на соработката помеѓу Машинскиот факулет во Љубљана со Машинскиот факултет во Скопје.



## ГОСТУВАЊЕ

Во рамките на научноистражувачкиот проект “Преостаната цврстина на садови под притисок со прснатини од експлоатација” воден од проф. д-р Тодор Аџиев, а финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, на Машинскиот факултет во Скопје од 07.07. до 13.07.2002 престојуваат проф. д-р Владимир Глиха и асис. М-р Томаж Вухерер од Машински факултет Марибор.

Исто така во рамките на активностите на проектот, а на покана од проф. д-р Тодор Аџиев, во периодот од 07.07. до 11.07.2002 на нашиот факултет престојува и д-р Венцислав Грабулов, научен соработник од Технолошко металуршкиот факултет во Белград.

Помеѓу другото се водат разговари со цел да се прошири соработката од областа на Интегритетот на заварените конструкции со прснатини преку нови проекти, кои ќе бидат предложени кај надлежните институции.

## ДОНАЦИЈА

На 02.07.2002 од страна на фирмите SEAT и КА-ДИС на Машинскиот факултет му беше донирано патнико моторно возило SEAT TOLEDO 1.9 TDI и друг едукативен материјал.

Факултетот додели три благодарници на најзаслужните лица за овој убав чин.

## НАУЧНО-СТРУЧНА ЕКСКУРЗИЈА

Во периодот од 10.07. до 13.07.2002 проф. д-р Иван Мицковски и проф. д-р Анание Илиевски со студентите од насоката железничко машинство се на научно стручна екскурзија во Бугарија

## ГОДИШНИ ОДМОРИ

Периодот на колективниот годишен одмор е од 15.07.2002 до 18.08.2002.

Во текот на овој период факултетот ќе функционира со соодветни дежурни лица во деканатот, сметководството, студентската служба, дактило бирото и другите технички служби.

## ИЗБОР ВО ПОВИСКО НАСТАВНО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Во доцент д-р Радмил Поленаковиќ

## ДОКТОРИРАНИ

Асис. М-р Јасмина Чаловска

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Делчо Јовановски, студиски престој во Штудгарт - Германија. Реализација на заеднички научно истражувачки проект со партнерот од Германија. 01.07 до 01.09.2002
2. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, стручен престој во Данска, на докторски студии.

## ВТОР УПИСЕН РОК

### Пријавување:

02-03.09.2002

### Приемни испити:

Математика
11.09.2002
Физика или Техничка механика и јакост
13.09.2002

### Објавување на решение за прием на кандидати

17.09.2002

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.08.2002 - 25.09.2002**
**СЕПТЕМВРИСКА СЕСИЈА**

**26.09.2002**
**21 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***


**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*